РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
ГОСТИВАРСКИ ТЕАТАР ГТ - TEATRI I GOSTIVARIT TG
ГОСТИВАР - GOSTIVAR
Примено / E pranuar 11. 11. 2020
Бр. е дн. / Nj. org. 03 | Број / Numër 281/2 | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera

Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак
Рок на чување
Постапка

З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57-83
Датум: 4.11.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзор	РСМ, Национална установа-Гостиварски театар-Гостивар
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	
Телефон	
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на жиро сметка на субјектот	
Банка депонент	Народна банка на РСМ
Одговорно/и лице/а на субјектот:	

Име и презиме: директор	Телефон	Е-пошта

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекциски надзор	1. РЕДОВЕН	2. ВОНРЕДЕН	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	28.10.2020 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	8.00
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	4.11.2020 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	15.00
Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	РСМ, Национална установа-Гостиварски театар-Гостивар		

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	Изведувачка уметност (шифра: 91.01)
Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот	- Гостивар

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: иницијативите од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на Министерството за култура, бр. 19-8760/3 од 25.9.2020 г. и бр. 19-8760/4 од 26.10.2020 г., со наводи дека субјектот на надзорот, до 24.9.2020 г. нема доставено до Министерството за култура шестмесечен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на установата во 2019 г., како и дека Секторот, врз основа на доставениот извештај за реализација на проектот, има сомневања за наменското користење на средствата за претставата „Полковникот птица", автор режија и средствата за материјални трошоци за работа на установата.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ (**во натамошниот текст: СУИН на МК**).

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор Националната установа-Гостиварски театар-Гостивар (**во натамошниот текст: Театар**), од аспект на примена на одредбите од член 31 б, член 70-а став (4) и (5) и член 70-б став (2) од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а врз основа на наводите од иницијативите од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
, директор		

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа лицата соработник за финансиско и материјално работење и , виш соработник за општи и правни работи.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- Директорот на Театарот нема доставено шестмесечен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 1.1.2020 - 30.6.2020 година, што е обврска согласно со член 31-б став (1) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 3 и став (2) од истиот Закон.
- Театарот доставил до МК извештаи за проектите предвидени со договорот со МК за реализацијата на годишната програма за работа на установата за 2019 г. и тоа: за „Натан мудриот" (примен во МК под бр. 19-6306/1 од 19.5.2020 г.), за „Скокај, танцувај, летај (примен во МК под бр. 19-7235/1 од 1.7.2020 г.) и за материјални трошоци за работа на установата во 2019 година (примен во МК под бр. 19-7235/1 од 1.7.2020 г.).
- Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Гостиварски театар-Гостивар за 2020 година, бр. 19-2157/1 од 17.2.2020 г. и Анекс договорот бр. 19-2157/5 од 6.7.2020 г., на Театарот му се одобрени 1.140.000 денари за реализација на проектот „Полковникот птица", автор режија (до денот на надзорот му е преведени 920.000 денари) и 820.000 денари за материјални трошоци за работа на установата (до денот на надзорот му е преведени 720.000 денари).

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- **„Полковникот птица“, автор** **, режија**

- Според изјавите на присутните лица, како и презентираната фото и видео документација од настанот и написи во медиуми, проектот е реализиран со премиерна претстава во рамки на Фестивалот „Охридско лето“ на 26.8.2020 година.
- Преземените обврски и направените трошоци за реализација на претставата, според презентираната сметководствена документација, се прикажани во следниот табеларен преглед:

Р. бр	Доверител	Намена	Трошоци	Ненамирени обврски	Забелешка
1	(Бугарија),	Автор на текст за претставата	32.402		- Платено по Договор бр. 04-198/1 од 4.8.2020 г. (на износ од 500 евра) и Образец 1450 -Банков извод бр од 13.8.2020 г.
2.		Режисер на претставата	250.417		- Платено по Договор бр. 03-232/3 од 7.9.2020 г. и Фактура бр. 185/20 од 6.3.2020 г. (од Агенција „Мотиви плус“-Скопје) -Банкови изводи бр од 10.7.2020 г. и бр. од 24.8.2020г.
3.		Сценограф и кореограф на претставата	102.444	102.443	- Платено (и обврска) по Договор бр. 03-230/2 од 4.9.2020 г. и Фактура бр. 614/20 од 24.7.2020 г. (од Агенција „Мотиви плус“-Скопје) -Банков извод бр од 21.8.2020 г.
4.		Автор на оригинална музика за претставата			- Обврска по Договор бр. 03-219/1 од 20.8.2020 г. и Фактура бр.661/20 од 11.8.2020 г. (од Агенција „Мотиви плус“-Скопје)
5.		Актер во претставата	70.117		- Платено по Договор бр. 03-232/2 од 7.9.2020 г. и Фактура бр. 584/20 од 6.7.2020 г. (од Агенција „Мотиви плус“-Скопје) -Банкови изводи бр од 10.7.2020 г. и бр. 21 од 24.8.2020г
6.		Актер во претставата	70.117		- Платено по Договор бр. 03-232/1 од 7.9.2020 г. и Фактура бр. 585/20

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

					од 6.7.2020 г. (од Агенција „Мотиви плус"-Скопје) -Банкови изводи бр од 10.7.2020 г. и бр. 21 од 24.8.2020г
7.		Превод на текст	3.415		- Платено по Договор бр. 03-232/4 од 7.9.2020 г. и Фактура бр. 583/20 од 6.7.2020 г. (од Агенција „Мотиви плус"-Скопје) -Банков извод бр. од 10.7.2020 г.
8	ДОО-Скопје)	Изработка на дел од сценографија		148.877	- Обврска по Договор бр. 03-230/1 од 4.9.2020 г. и Фактура бр.728/20 од 2.9.2020 г. (од Агенција „Мотиви плус"-Скопје)
9.		Изработка на дел од сценографија	71.980		- Платено по Фактура бр. 60-2106 од 29.6.2020 г. -Банкови изводи бр од 1.7.2020 г. и бр.13 од 10.7.2020 г.
10	ДООЕЛ-Скопје	Изработка на елаборат за структурно решение за дел од сценографија	61.000		- Платено по Фактура бр. 01-08072020 од 8.7.2020 г. -Банков извод бр од 10.7.2020г.
11	Разни	Набавка на маици, фустан, чевли и др. облека за костими	11.359		- Платено од дебитна VISA Business картичка на име на установата, по повеќе фискални сметки
12		Набавка на 4 кг. шпицкит за сценографија	7.000		- Платено од дебитна VISA Business картичка на име на установата, по фискална сметка
13		Материјали за сценографија	14.520		- Платено од дебитна VISA Business картичка на име на установата, по фискални сметки
14	Скопје	Заштитни маски со лого на Театарот	4.130		- Платено по Фактура бр. 256 од 21.8.2020 г. -Банков извод бр. од 24.8.2020 г.
15	Разни	Средства за дезинфекција, визири, маски	6.367		- Платено од дебитна VISA Business картичка на име на установата, по фискални сметки

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

16		Поделени на 20 учесници на премиерата како дневници	36.000		-Подигнати од жиро сметка во готово од страна на директорот - Банков извод бр од 24.8.2020 г.
17		Поделени на 23 учесници на премиерата како патни трошоци (3x6.650 и 20 x650)	32.950		-Подигнати од жиро сметка во готово од страна на директорот - Банков извод бр. д 24.8.2020 г
18	Разни	Набавка на облека, торба, материјали за сценографија и сл.	8.612		- Платено во готово и со дебитна VISA Business картичка на име на установата, по фискални сметки
19	Скопје	Печатење на маици, торба, промотивен материјал со лого на установата	28.249		- Платено по Фактура бр.320-04582 од 24.8.2020 г. -Банков извод бр од 13.8.2020г.
20		Набавка на четки спреј, боја, тркала и др. материјали за сценографија		8.434	- Обврска по Фактура бр. 014-20 од 29.8.2020 г.
21	ДООЕЛ-Скопје	Печатење на знаме и сатенски траки за ознаки за КОВИД 19		3.363	- Обврска по Фактура бр. 309-08/20 од 24.8.2020 г.
ВКУПНО:			811.079 денари	348.487 денари	-Преостаната обврска од МК за проектот во износ од 220.000

Директорот лично подигнал од буџетската сметка на Театарот средства во готово во износ од 68.950 денари (Банков извод бр. од 24.8.2020 г.), од

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

коишто 36.000 им поделил на 20 учесници на премиерата на „Полковникот птица" во Охрид (по 1.800 денари како дневници, иако таквиот надомест не е предвиден со Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2020 г.), додека 32.950 денари поделил на 23 учесници на премиерата како патни трошоци, иако таквиот надомест не е предвиден од буџетски средства, со оглед дека Театарот на сметката за самофинансирачки активности, согласно со договор, добила од НУ „Охридско лето"-Охрид средства во износ од 64.540 денари наменети за транспорт на актерите и сценографијата. Оттука, при надзорот е утврдено дека подигнатите буџетски средства од страна на директорот во износ од 68.950 денари се потрошени ненаменски, со што е сторена повреда на член 70-а став (4) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон. Според изјавата на тој знаел дека не е предвидена исплата на дневници на учесниците, но тоа го сторил од причина што вработените во тој период 2 месеци немале земено плата, додека во однос на исплатата на патните трошоци вели дека била сторена грешка, односно средствата биле подигнати од буџетската сметка наместо од сопствената.

При надзорот е утврдено дека при реализацијата на проектот, дел од направените трошоци и преземени обврски, во голема мера се разликуваат од финансиската конструкција за претставата предвидена во соодветниот образец од доставената Нацрт програма за работа на установата за 2020 година. Имено, во Образецот (заведен во установата под бр. 02-100/3 од 26.12.2019 г.) за (како сецнограф и костимограф) се предвидени вкупно 120.000 денари, додека при реализација на проектот со него е склучен договор на 180.00 денари нето, односно 204.887 денари бруто. Истовремено, за сценографија се предвидени 100.00 денари, додека при реализацијата на претставата се преземени обврски за изработка на сценографија од 281.857 денари. Според изјавата на директорот, трошоците за оваа намена се многу поголеми од причина што сценографијата на претставата била многу поинаква од првично планираната, односно, реализирана е комплицирана конструкција која ротира (на тркала) во текот на претставата, а има и пропратни дрвени елементи коишто ја дополнуваат сцената, па затоа и трошоците биле далеку поголеми. Што се однесува до хонорарот на тој бил зголемен поради тоа што од негова страна биле набавени стари војнички костими и други материјали за костимографија, коишто биле вклучени во хонорарот.

Преостанатите обврски, согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Театарот за 2020 година, од страна на МК изнесуваат 220.000 денари за проектот „Полковникот птица" и 100.000 денари за

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

материјални трошоци, додека ненамирените обврски за „Полковникот птица" изнесуваат 348.487 денари, поради што постои можност, до крајот на годината Театарот да создаде нови обврски коишто не ќе може да ги намири од одобрените буџетски средства. Осбено ако се има предвид дека на денот на надзорот, Театарот располага со само 5.487 денари на буџетската сметка (Банков извод од 22.10.2020 г.) и 1.694 денари на сопственат сметка (Банов извод бр. д 26.10.2020 г.). Сепак, според изјавата на директорот, овој проблем треба да биде надминат со тоа што Театарот веќе има доставено барање до МК за одобрување на дополнителни средства за материјални трошоци, со коишто би биле намирени новодоспеаните обврски до крајот на 2020 година.

- **<u>Материјални трошоци за работа на установата во 2020 година</u>**

- Согласно со првичниот Договор за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ Гостиварски театар-Гостивар, бр. 19-2157/1 од 17.2.2020 г. на Театарот му се одобрени 300.000 денари за материјални трошоци за работа на установата. Меѓутоа, со доставениот Допис, бр. 05-162/1 од 2.6.2020 г., Театарот бара пренамена на дел од програмските средства за дополнителни 520.000 денари за материјални трошоци, односно за исплата на доспеани долгови (главно од 2019 г.), коишто поради состојбата со КОВИД, Установата не можела да ги намири од сопствените приходи. На предлог од Комисијата за драмска дејност, МК ја одобрува таквата пренамена и склучува Анекс договор бр. 19-2157/5 од 6.7.2020 г., со којшто материјалните трошоци за работа на установата изнесувбаат 820.000 денари, од коишто, до денот на надзорот, преведени се 720.000 денари.
При надзорот е утврдено дека овие средства, Тетарот ги користел за намирување на обврски од претходна година по основ на авторски договори и фактури за извршени набавки и услуги, како и за тековно работење на Театарот како трошоци за телефони (фиксни и мобилни), набавка на канцелариски материјали, средства за хигиена, делови за компјутерска опрема, консултантски услуги, поштенски услуги,печатење, патни трошоци, гориво, репрезентација и други материјални трошоци.

- Театарот располага со дебитна картичка VISA Business (со Договор со НЛБ Банка-Скопје, бр.05-67/3 од 20.2.2020 г.), за што претходно е известено МК и добиена согласност со Известување бр.40-12206/2 од 11.11.2019 г., при што со дебитната картичка располага директорот Од увидот во банковите изводи е утврдено дека заклучно со 30.9.2020 г., Татарот уплатил на дебитната картичка вкупно 166.111 денари коишто се потрошени за набавка на материјали за

костимографија и сценографија за претставата „Полковникот птица", делови за опрема, гориво, патарини, угостителски услуги (репрезентација) и други материјални трошоци, за што се презентирани фискални сметки како поткрепа за извршените трансакции.

Притоа е утврдено дека во периодот 1.3.-30.9.20202 г., директорот од дебитната картичка потрошил 24.266 денари за угостителски услуги (репрезентација), 19.849 денари за гориво и 6.650 денари за патарини, спротивно на одлуките на Управниот одбор на Театарот бр. 02-57/2 и бр. 02-57/4 од 10.10.2019 година. Имено, со Одлуката бр. 02-57/2 од 10.10.2019 г., на директорот му е одобрено користење на гориво за службени потреби во износ од 5.000 денари на месечно ниво, при што за секое користење на гориво за службени потреби потребно е претходно да обезбеди потпишан патен налог од Управниот одбор во кое ќе ја образложи потребата од користење на службеното патување, додека при исплатата на сметката, службата за сметководтсво треба да утврди дали истата е одобрена од страна на УО. Со Одлуката бр. 02-57/4 од 10.10.2019 г., на директорот му е одобрено користење на репрезентација за службени потреби, исто така, во износ од 5.000 денари на месечно ниво, при што за секое користење на репрезентација за службени потреби потребно е претходно да го извести Управниот одбор и да ја образложи потребата од користење на репрезентација, додека при исплатата на сметката, службата за сметководство треба да утврди дали истата е одобрена од страна на УО. При надзорот е утврдено дека сите претходно наведените исплати за гориво, патарини и репрезентација од дебитната картичка, во вкупен износ од 50.765 денари, се извршени од страна на директорот без претходно да обезбеди патен налог или да го информира Управниот одбор, односно ненаменски, со што е сторена повреда на член 70-а став (4) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон.

12) Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:

- **Директорот на Театарот нема доставено шестмесечен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 1.1.2020 - 30.6.2020 година, што е обврска согласно со член 31-б став (1) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 3 и став (2) од истиот Закон.**

-**Според презентираната фото и видео документација од настанот и написи во медиуми, Театарот го реализирал проектот „Полковникот**

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

птица"со премиерна претстава во рамки на Фестивалот „Охридско лето" на 26.8.2020 година.

- При реализацијата на проектот, директорот ненаменски потрошил буџетски средства во износ од 119.715 денари за дневници и патни трошоци на учесниците во претставата, како и за гориво, патарини и репрезентација, со што е сторена повреда на член 70-а став (4) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон. Имено, директорот лично подигнал од буџетската сметка на Театарот средства во готово во износ од 68.950 денари, од коишто 36.000 им поделил на 20 учесници на премиерата на „Полковникот птица" во Охрид (по 1.800 денари како дневници, иако таквиот надомест не е предвиден со Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2020 г.), додека 32.950 денари поделил на 23 учесници на премиерата како патни трошоци, иако таквиот надомест не е предвиден од буџетски средства, со оглед дека Театарот на сметката за самофинансирачки активности, согласно со договор, добила од НУ „Охридско лето"-Охрид средства во износ од 64.540 денари наменети за транспорт на актерите и сценографијата. Истовремено, преку службената дебитна картичка VISA Business, во периодот март-септември 2020 г. извршил исплати за гориво, патарини и репрезентација, во вкупен износ од 50.765 денари, без претходно да обезбеди патен налог или да го информира Управниот одбор, како што е предвидено со одлуките на Управниот одбор на Театарот бр. 02-57/2 и бр. 02-57/4 од 10.10.2019 година.

- При реализацијата на проектот „Полковникот птица", дел од направените трошоци и преземени обврски, во голема мера се разликуваат од финансиската конструкција за претставата предвидена во соодветниот образец од доставената Нацрт програма за работа на установата за 2020 година. Имено, во Образецот (заведен во установата под бр. 02-100/3 од 26.12.2019 г.) за (како сценограф и костимограф) се предвидени вкупно 120.000 денари, додека при реализација на проектот со него е склучен договор на 180.00 денари нето, односно 204.887 денари бруто. Истовремено, за сценографија се предвидени 100.00 денари, додека при реализацијата на претставата се преземени обврски за изработка на сценографија од 281.857 денари. Според изјавата на директорот, трошоците за оваа намена се многу поголеми од причина што сценографијата на претставата била многу

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

поинаква од првично планираната, односно реализирана е комплицирана конструкција која ротира (на тркала) во текот на претставата.

- Преостанатите обврски, согласно со Договорот за 2020 година, од страна на МК изнесуваат 220.000 денари за проектот „Полковникот птица" и 100.000 денари за материјални трошоци, додека ненамирените обврски на Театарот за „Полковникот птица" изнесуваат 348.487 денари, поради што постои можност, до крајот на годината Театарот да создаде нови обврски коишто не ќе може да ги намири од одобрените буџетски средства за 2020 година.

- Оттука, за утврдените неправилности во работењето на Театарот, односно за ненаменското користење на дел од добиените средства од Буџетот на РМ, преку МК во 2020 година, спротивно на член 70-а став (4) од Законот за културата, што е казниво по член 91-а став (1) алинеја 7 и став (2) од истиот Закон, како и за недоставен шестмесечен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 1.1.2020 - 30.6.2020 година, што е обврска согласно со член 31-б став (1) од Законот за културата, а што е казниво според член 91-а став (1) алинеа 3 и став (2) од истиот Закон, инспекторот ќе му предложи на одговорното лице (директорот) постапка за порамнување, со изречена глоба за сторен прекршок преку издавање на прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд согласно со Законот за прекршоците.

Истовремено, инспекторот ќе преземе инспекциска мерка, односно, ќе донесе решение со коешто субјектот на надзорот ќе го опомене да го отстрани утврдениот недостаток за недоставен шестмесечен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 1.1.2020 - 30.6.2020 година.

13) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

14) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:
ЗАБЕЛЕШКИТЕ СЕ НАПИШАНИ ВО ПОСЕБЕН ДЕЛ, СО СЕ ДОКАЗИТЕ.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Потпис на претставникот на субјектот на надзор: директор		Печат и потпис на инспекторот за култура: виш инспектор	
Датум:	6.11.2020 г.	Датум:	4.11.2020 г.

Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61. Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk